# „Кон крајот на времето на мојот умет ќе има луѓе кои ќе ви пренесуваат зборови што ниту вие, ниту вашите татковци ги имате чуено. Па пазете се од нив и од нивните зборови!“

Од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, се пренесува, дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кон крајот на времето на мојот умет ќе има луѓе кои ќе ви пренесуваат зборови што ниту вие, ниту вашите татковци ги имате чуено. Па пазете се од нив и од нивните зборови!“
[صحيح] [رواه مسلم]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, извести дека во крајот на неговиот умет ќе се појават луѓе кои ќе измислуваат лаги и ќе пренесуваат зборови што никој пред нив не ги кажал. Тие ќе шират лажни и измислени хадиси. Затоа, Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ни наредил да се оддалечуваме од таквите луѓе — да не седиме со нив и да не ги слушаме нивните хадиси — за да не се вкорени тој измислен хадис во нашите срца, па да не можеме подоцна да се ослободиме од него.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee